Новица ВЕЛЈАНОВСКИ

# МАРКСИСТИЧКИТЕ КОНЦЕПЦИИ ЗА НАРОДНАТА ВЛАСТ ВО ТЕКОТ НА НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА (1941 — 1945)

Народноослободителната војна и Социјалистичката револуција на југословенските народи и народности што започна во 1941 година под раководство на Комунистичката партија на Југославија и Јосип Броз Тито, истовремено значеше и промена на системот на буржоаската и окупаторската власт со нова народна власт. Новата власт не можеше да се надградува на институциите од поранешната држава. Во таа смисла коментирајќи ги резултатите од Парискатa комуна и осврнувајќи се на одделните делови од Манифестот, Маркс пишуваше: „Пролетерите сфатија дека нивната највисока должност и апсолутно право е сами да постанат господари на својата судбина во свои те раце" заклучувајќи притоа дека „Работничката класа не може едноставно да ја присвои готовата државна машина и да ја стави во движење за своите сопствени цели".[1])

Токму поради тоа, Комунистичката партија на Југославија како партија која ја предводеше општествената револуција беше преокупирана со рушењето на буржоаскиот поредок и системот на буржоаската власт. Според тоа и нејзините стратегиски цели за освојувањето на власта ги прилагодуваше според постојните услови и односи но со присутност на марксистички те концепции и основи за освојување и воспоставување на власта. Нејзината крајна цел, преземањето на власта и промената на општественото уредување, беше јасно искажана уште во првите програмски декларации. Во нив се отвораа хоризонтите кон создавањето револуционерни услови за слом на империјализмот и воспоставување ново уредување со праведен и демократски систем на власта.[2])

Ленин во 1905 година пишуваше дека „Револуционерната армија и револуционерната валст се двете страни на една ме-

---

1) Nerkez Smajlacić, Historija političkih doktrina — socijalizam, „Naprijed", Zagreb 1970, 243.

2) Branko Petranović-Vojislav Simović, Istorija narodne vlasti u Jugoslavija 1941—1945, „Savremena administracija", Beograd 1979, 71.

далја, еднакво неопходни за успехот на востанието и за зацврстувањето на неговите плодови".[3]) Овие Ленинови мисли искажани пред големата Октомвриска револуција, беа патоказ и во самата револуција од 1917 година. На тој начин светското револуционерно искуство се збогати со искуството на Париската комуна и со искуството на двете руски револуции. Тоа искуство понатаму се пренесуваше како воопштено револуционерно искуство и сознание за патишта на револуционерното освојување на власта чии теориски израз беше инкорпориран во делата на класиците на марксизмот. Така начелата на Париската комуна и она што го донесе таа како револуционерен прогрес, преку Октомвриската социјалистичка револуција се пренесоа и во другите социјалистички револуции, односно во Народноослободителната војна и револуцијата во Југославија. Марксистичките сознанија за разбивање на старата држава Ленин дури ги нагласи и како битна и неопходна претпоставка за освојувањето на власта и воспоставувањето диктатурата на пролетарјатот.[4])

Подготовките, текот и успешниот завршеток на Народноослободителната војна и револуцијата во Југославија, покажаа дека таа во основа ги имаше поставките на класиците на марксизмот за револуционерното преземање на власта. Во текот на НОВ и револуцијата на југословенските народи дојде до силна поврзаност меѓу народноослободителната војска и народната власт. Практиката во создавањето и функционирањето на овие две компоненти на револуцијата покажа дека тие меѓусебно се толку многу испреплетени што е исполнета онаа законита нужност во револуционерната смена на власта, дека револуцијата без воспоставување на органите на народната власт би била безнадежна работа.

Користејќи ги искуствата од работничкото револуционерно движење, Комунистичката партија на Југославија, уште пред почетокот на Народноослободителната војна, на Петтата земска конференција во Загреб ја доразработи утврдената платформа дека само со револуционерна борба се можни нови општествени односи. Тоа значеше примена на марксистичките сфаќања за власта и револуцијата, но истовремено програмско ориентирање на стремеижите на југословенските народи што реално произлегуваа од југословенската стварност.[5])

Со почетокот на Народноослободителната војна и револуцијата КПЈ, користејќи ги револуционерните искуства од работничкото револуционерно движење пристапи кон создавање такви органи на народната власт со кои истовремено ги дог-

---

[3]) В.И. Ленин, Војна дела, „Војно дело", Београд 1962, 49.
[4]) Petranović-Simović, cit. trud, 71.
[5]) Лазар Колишевски, Аспекти на македонското прашање, НИК „Наша книга", Скопје 1979, 196.

радуваше и сопствените револуционерни концепции за власта. Таа револуционерна марксистичка концепција за народната власт, ја потврдуваат Титовите зборови искажани како оцена на нејзините основни органи, односно народноослободителните одбори. „Народноослободителните одбори — пишуваше Тито во декември 1941 година — се основните организациони форми преку кои масите се креваат на оружено востание, преку кои се реализира политичкото раководство на Партијата во тоа востание, преку кои револуционерните маси ја остваруваат својата револуционерна демократска власт под раководството на Партијата".[6])

Овие Титови мисли потврдуваат дека изградувањето на органите на народната власт не е можно да се одвои од концептот на револуцијата создаден со неговата далековидост.

Првите органи на народната власт што се создаваа веднаш по првите вооружени судири ги носеа и првите сознанија кај народните маси дека станува збор за коренити промени во системот и политичката организација на општеството, со што во преден план излегуваа идејно-политичките компоненти на тие промени. Тие идејно-политички компоненти беа базирани на фактот што старата власт беше омрзната и крајно неприфатлива за новите односи поради нејзината експлотаторска детерминираност и на фактот што КПЈ во изградувањето на власта внесе такви елементи кои уште на почетокот ѝ дадоа демократски карактер на власта.[7] Присетувајќи се на воспоставувањето на првите облици на народната власт и на АВНОЈ како највисок орган, другарот Тито вели: „Во најтешките околности ние тогаш ги донесовме тие одлуки и, кога човек денеска би ги читал, гледаме колку нам ни била пред очи уште тогаш неверојатно јасна слика за она што во иднина треба да биде и колку консеквентно се спроведуваше тоа што беше во тие одлуки, демократијата, народното самоуправување, републиканското уредување, решавањето на националното прашање и така натаму".[8])

Марксистичките поставки за народната власт во НОВ на Југославија, посебно дојдоа до израз и послужија како неодминлива база при оформувањето на револуционерната стратегија на КПЈ по однос на органите на народната власт во теориските расправи на раководителите на Народноослободителната војна во Југославија. Така, формулирајќи ја воената и политичката стратегија на КПЈ спроти војната и во текот на НОВ и револуцијата Едвард Кардељ истакна неколку основни и

6) Moša Pijade, Izabrani spisi, t. I, knj. 5, Institut za izučavanje radničkog pokreta, Beograd 1966, 577.

7) Д-р Александар Христов, Успостављање народне власти, Титова мисао и дело, „Радничка штампа", Београд 1982, 157.

8) Цитирано според претходниот труд, 158.

суштествени елементи врз кои таа се базираше. Најпрво, како што истакнува Кардељ, Народноослободителната војна и револуцијата се засноваше на свесно учество на народните маси во неа, кои доброволно стапуваа и се бореа во сите форми на борбата. Во рамките на Народноослободителниот фронт како политичка платформа во која беше содржана и платформата на новата народна власт што се создаваше, мораше консеквентно да бидат изразени интересите на широките народни маси. Учеството на народните маси во Народноослободителната борба и создавањето народната власт во неа можеше да биде остварено само врз реалната визија на новата југословенска заедница — гаранција на слободните и рамноправните народи и народности. На крајот и кревањето на самото востание не можеше да се замисли без неопходната водечка улога на КПЈ заснована врз ослободително-демократската платформа на Движењето.[9]) Овие далекосежни поставки за револуцијата во Југославија и за воспоставувањето на новото општествено уредување, засновано на власта на работничката класа, можеше да има само таква револуционерна партија каква што беше КПЈ. Таа беше единствена сила што најбргу и најисправно се ориентира по сломот на бивша Југославија во април 1941 година. Нејзиното револуционерно искуство и марксистичките сфаќања за револуцијата ѝ овозможија да процени дека е време револуционерната можност да се претвори во револуционерна стварност и да ја увиди поволната политичка ситуација за уривање на буржоаскиот систем, кој поради освојувањето на политичката власт и опортунистичките определби се најде дури и во отворена колаборација со окупаторот.[10]) КПЈ ја оцени поволната ситуација за уривање на буржоаскиот систем и ја поведе Народноослободителната војна и револуцијата како пат за револуционерна смена на власта.

Комунистичката партија на Југославија, раководена од марксистичките поставки за освојувањето и организирањето на власта, прашањето за народната власт во сопствената програмска концепција го сметаше за едно од централните и суштествените прашања. Тоа беше така бидејќи народната власт немаше задача да ги решава само тековните прашања и потреби што произлегуваа од борбата, туку и да се гради и да се изградува како пример за иднината, односно за идното уредување на државата што беше во процес на создавање. Борците и другите учесници во Народноослободителната борба во воспоставувањето на новата народна власт требаше да ја видат нужната гаранција дека навистина се гради нов општествен поредок заснован на власта на народот. Токму затоа, КПЈ како ре-

9- Едвард Кардељ, Титовата творечка улога во НОВ и Револуцијата, „Нова Македонија“ од 28. II 1977, 2.
10) Petranović-Simović, cit. trud, 62.

волуционерна партија уште на самиот почеток на востанието му го посвети нужното внимание на соработката на органите на народната власт и политичката платформа врз која таа народна власт се изградуваше. Се настојуваше народната власт да израснува директно од масите што на еден или друг начин се вклучуваа во широката платформа на народно-ослободителниот фронт. Тоа ги тераше непријателите на Народноослободителното движење, кои ја сфаќаа улогата на новите органи на народната власт, грчевито да се борат против нивното организирање, да се борат за нивно распуштање, а да се застапуваат за враќање на органите на власта од распаднатиот буржоаски систем.[11]) Тоа значеше дека Народноослободителното движење, уште на почетокот, се соочи со остатоците од власта на Кралството Југославија и истовремено мораше да води борба и против нив и против воспоставувањето на фашистичката окупаторска власт. Народноослободителната борба во никој случај не можеше да се потпре врз остатоците од стариот апарат на власта. Таа, всушност, беше негација на старата и на окупаторската власт и мораше да се бори против општествените сили кои стоеја зад неа. „Масите беа длабоко свесни дека враќањето на старите форми на власта би значело катастрофа" — истакнуваше Моша Пијаде.[12])

Иако Комунистичката партија на Југославија, веднаш на почетокот на оруженото востание, не успеа да ги формулира и прогласи концепциите за народната власт низ пишувани документи, таа со своето дејствување го потпомагаше создавањето на новите органи на народната власт, односно на народноослободителните одбори. По Советувањето во Столице,[13]) се почувствува забележителна ангажираност на Партијата со прашањето на народната власт. Сè повеќе се сфаќаше феноменот на народноослободителните одбори и нивниот карактер како наполно нови органи во Револуцијата. Практиката потврдуваше дека тие станува доследна супституција на старите органи на власта на патот кон промената на целокупниот општествен систем и победата на пролетерската револуција. Тоа овозможи Партијата да го дефинира нејзиниот став по прашањето на формата на народната власт. Се појавија и првите теориски расправи. Од посебно значење е статијата на Едвард Кардељ објавена во ужичка Борба.[14]) Во неа Едвард Кардељ го дефинира карактерот на народноослободителните одбори истакнувајќи дека „самото нивно име ја определува нивната цел: организирањето на

---

[11]) Едвард Кардељ, цит. статија, 9.

[12]) Moša Pijade, Izabrani spisi, 202.

[13]) Советувањето во Столице се одржа во септември 1941 година.

[14]) „Народноослободителните одбори мораат да станат вистински привремени носители на народната власт" објавена во ужичка Борба, бр. 11 од 19 октомври 1941.

задницата во служба на фронтот, организирањето на се́ во интерес на народноослободителната борба". Подвлекувајќи дека „Народноослободителните одбори претставуваат, заедно со оружената сила на народот, основно оружје за праведна победа на идеалите на нашиот народ" Кардељ, всушност, поблиску го определува нивниот револуционерен карактер и ги дефинира како единствена алтернација за она што се рушеше.

Првите теориски расправи за народноослободителните одбори и за народната власт во целина, како власт на работничката класа, овозможија раководството на Народноослободителното движење во Југославија, концепциите за новата народна власт да ги прогласи и преку пишуваните документи, познати како фочански[15]) односно како Септемвриски прописи.[16])

За значењето на Фочанските прописи во натамошното конституирање на народноослободителните одбори би можело многу да се пишува. Самиот факт дека тие беа прв документ кои на единствен начин го систематизираа постигнатото искуство и ги определија рамките за натамошното создавање и дејствување на одборите, говори дека тие одиграа пионерска улога. Меѓу тоа, овде е посебно значајно што се врши прекинување на континуитетот на претходните власти било да е окупаторска или пак бившојугословенска со новата власт преку одредбата дека „Народноослободителните одбори не се и не смеат да бидат органи на одделни политички странки и организации. Тие се бираат по демократски пат ..."[17]) Очевидно станува збор за наполно нова концепција, марксистичка концепција за власта и демократијата, спротивна на буржоаската концепција за конституирање на власта преку дејствување на повеќепартискиот систем. Означувањето на привремениот карактер на народноослободителните одбори, во оваа фаза на нивното концепциско организирање, во никој случај не треба да се сфати како искажана резерва кон нив. Привремениот карактер на НОО беше присутен како потреба за да се истакне далековидноста на Партијата во конципирањето на народната власт. Беше нужно да не се сфати дека Партијата ова прашање го решаваше за себе и во свој интерес, туку да стави до знаење дека се оставеше простор во идните, поповолните услови, да се ут-

[15]) Фочанските прописи ги сочинуваат два документа што ги донесе Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во февруари 1942 и тоа: „Задачите и устројството на Народноослободителните одбори" и „Објаснувања и упатство за работа на народноослободителните одбори во ослободените краишта".

[16]) Септемвриските, односно Краишките прописи ги сочинува „Наредбата за избор на народноослободителните одбори", „Наредбата за образување на заднински воени власти" донесени во септември 1942, а во брошурата, како прилог е печатена и статијата „За народноослободителните одбори", чиј автор е Веселин Маслеша. Моша Пијаде, Избрани списи. т. I, кн. 4, 198.

[17]) Истото, 191.

врди и истакне нивниот постојанен карактер и трајната определба на Партијата и народот за нив.

Во конституирањето и утврдувањето функциите и методот на работата на народноослободителните одбори, КПЈ тргнуваше од концепцијата дека тие мораат да се базираат врз активноста на народните маси. Нив не им одговараше организација што би била изолирана од базата. Токму затоа во нивната работа доаѓаа до израз облици на непосредна демократија. Со таква демократско-револуционерна практика одборите бргу се афирмираа како вистински органи на народната власт, како израз на непосреден народен суверенитет.[18])

Затоа, веќе неколку месеци подоцна, во Септемвриските прописи, привременоста на народноослободителните одбори беше избегната. Веќе беше јасно, а и новите услови тоа го дозволуваа, да се истакне дека нардноослободителните одбори се трајни органи на народната власт. Во врска со ова Јосип Броз Тито истакнуваше: „Не станува збор за некои лабави временски форми кои би пливале на површината туку за длабок револуционерен потфат ..."[19]) Овие Титови зборови потврдуваат дека народноослободителните одбори во Југословенското народноослободително движење беа веќе утврдени и прифатени како основни органи на народната власт. Тој континуитет е потврден и на Првото заседание на АВНОЈ одржано на 26 и 27 ноември 1942 година. Основните документи[20]) го истакнаа неговото конституирање како „општонационално и општопартиско политичко претставништво на Народноослободителната војна на Југославија, *што се заснива на народноослободителните одбори и масовните антифашистички организации*". Тоа значеше натамошна афирмација на народноослободителните одбори како основни органи на народната власт. Токму затоа Заседанието се смета за знјачајна фаза во конституирањето системот на новата народна власт во Југославија.

Воспоставувањето на органите на народната власт врз марксистички концепции беше во тесна врска и произлезе од борбата на југословенските народи и народности. Во изградувањето на народната власт тие, практично, стануваа субјекти на сопствената историја. На рушевините на разбиената Југословенска земја и на старата буржоаска и окупаторска власт со заеднички напори и страдања во борбата против фашизмот, југословенските народи и народности ги градеа реалните претпоставки за заедништво, отварајќи при тоа нови перспек-

[18]) Д-р Александар Христов, цит. труд, 158.

[19]) Јосип Броз Тито ова го пишуваше во едно писмо за ГШ на НОВ на Хрватска, односно Црна Гора. Цитатот не е целосен.

[20]) Тие документи се: „Резолуција за основање на АВНОЈ" и „Резолуција за организација на АВНОЈ".

тиви за идната југословенска држава. Низ таа борба, растеше и се градеше националната свест и станувaше сé постварлива визијата на КПЈ и Јосип Броз Тито за создавање на нова, повеќенационална заедничка држава на сите југословенски народи и народности на Југославија, држава заснована на федеративно и демократско уредување. Тоа беше таа реална визија на стратегот на Југословенската револуција за неопходноста од рамноправно и демократско одлучување засновано врз марксистичките принципи и поставки за револуционерни промени во власта. Несомнено, овој концепт во изградувањето на народната власт, во почетокот како идејно-теоретска поставка, а по доцна и како практична реализација најде свој израз и целосна потврда во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, а нешто подоцна и во одлуките на националните заседанија.

Процесот на воспоставувањето на народната власт во Југославија можеше да биде успешен, односно онаков каков што беше, благодарение на длабокото револуционерно сознание на Југословенските народи и народности за потребата на заедништвото, без кое сите дотогашни напори би биле лишени од секаква основа. Тоа беше така затоа што во револуционерниот процес на изградување на народната власт учествуваа вистинските народни претставници, кои беа во состојба да ги истакнат вистинските национални интереси на сопствената нација, но кои беа свесни и за општите интегрални интереси на сите југословенски народи и народности во целина. Претставувањето на нацијата преку борците и другите учесници во Народноослободителната борба и револуцијата беше значајна гаранција на борбата за остварувањето на националните интереси но и гаранција за воспоставување на вистинска народна и демократска власт, без можност за национално угнетување и реставрирање на надминатите состојби на хегемонизам и бирократско однесување. Со воспоставувањето на народната власт е создадена основа секој народ да има право на свој национален живот и сопствен развој. Афирмирањето на националниот суверенитет во ниеден случај не значеше сепаратизам и тенденција за одвојување во „сопствени" рамки. Напротив, со стекнувањето на националната независност, низ системот на народната власт, наедно се изградуваше и заедништвото на Југословенските народи и народности, тесно поврзано со марксистичките и идејно-политичките претпоставки што ги истакна Револуцијата и револуционерната мисла на Јосип Броз Тито за идната народна власт на Југословенските народи и народности. Имено, Јосип Броз Тито, говорејќи за АВНОЈ како круна на сите дотогашни успеси во развојот на борбата, посебно го нагласува неговото место како темел на вистинската народна и демократска власт: „Создавањето на АВНОЈ е една од најзначајните придобивки на народноослободителната

борба до сега. Поставени се темелите на кои се гради едно поправедно уредување во југословенските земји, поставени се темелите на кои се создава *вистинско братство и рамноправност на сите народи на Југославија*, темели на едно вистинско демократско народно владеење".[21])

Овие Титови мисли се резултат на една оценка која беше проверена во практиката на новото дражвно-правно уредување и функционирање на општествено-политичкиот систем, дека конституирањето на органите на народната власт во систем на Антифашистичко собрание на народното ослободување и на национални собранија беше основата на која се градеше системот на народното одлучување до систем на самоуправување како трајна определба на општествено-политичкиот систем во Југославија. Тоа придонесе да се оневозможи отуѓување на власта од оние што ја создаваа, со што всушност, се остваруваше и марксистичката концепција за власта на работничката класа.

Анализирајќи ги текот и резултатите од воспоставувањето и организирањето на власта во текот на НОВ и Социјалистичката револуција 1941 — 1944, се наметнуваат следниве заклучоци:

1. Во изградувањето на народната власт дојде до израз Револуцијата како ново творештво кое се потпира на теоријата на марксизмот, но и на револуционерните искуства стекнати низ класната борба на работничката класа за национално и социјално ослободување.

2. КПЈ, раководена од Јосип Броз Тито како водечка авагарда на работничката класа и предводник на Револуцијата, придонесе народната власт да се изгради и да се поврзе со историските односи и околности, односно со Народноослободителната борба и револуцијата, како највисок дострел од брбата на работничката класа.

3. Со конституирањето на највисоките собраниски тела како органи на власта и демократската самоуправа, е остварен највисокиот степен во организирањето и развојот на народната власт, со што во максимално можни рамки е остварен марксистичкиот принцип за револуционерна смена на власта во Југославија.[22])

21) Цитирано според д-р Александар Христов, цит. труд. 161.
42) Поопширно во претходно цитираниот труд, 162—163.

Novica VELJANOVSKI

## MARXIST CONCEPT OF THE POPULAR AUTHORITY DURING THE WAR OF LIBERATION AND THE REVOLUTION (1941—1945)

Summary

During the War of Liberation the organs of popular authority were set up and developed. The Communist Party of Yugoslavia used the revolutionary experiences of the workers' revolutionary movement and formed the organs of popular authority on the basis of Marxist—Leninist concepts of the authority of the working class.

Marxist—Leninist ideas on popular control, and particularly those put forward by Lenin about the Soviets, were the basis for establishing the revolutionary strategy of the Communist Party of Yugoslavia. During the War the popular authority was also a crucial question for the Yugoslav nation and nationalities.

When Tito spoke about popular authority in 1941 and of its organs — the National Committees of Liberation — he pointed out that „the National committees of Liberation are the basic organised forms through which the revolutionary masses realise their democratic authority under the leadership of the Party". The further establishment of the National Committees of Liberation confirmed that Marxist — Leninist consepts were a basis for these processes.